До
Деканатот на Филолошкиот факултет
„Блаже Конески“
Скопје

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
СКОПЈЕ

| Примено: 03 -03- 2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 08 | 121/5 | | |

Скопје, 1.03. 2023

На својата 74. редовна седница, одржана на 15.02. 2023 г., Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нè избра за членови на комисија за избор на демонстратор за студиската програма руски јазик и книжевност по предметите Руска книжевност 2 (0+2) и Руска книжевност 4 (0+2). На објавениот интерен оглас се пријави еден кандидат: Андреј Јованчевски. Кадидатот кон својата пријава приложува соодветна документација согласно условите на конкурсот.

Откако ја разгледа приложената документација, комисијата во состав: проф. д-р Лидија Танушевска проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева и проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова, до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Кандидатот Андреј Јованчевски има завршено прв циклус студии со просечна оценка 9,94 на Катедрата за славистика, група Руски јазик и книжевност, преведувачка насока и е апсолвент пред дипломирање на студиската група Полски јазик и книжевност, исто така, со многу висок просек. Во учебната 2020/2021 се запишува на втор циклус студии на студиската програма Наука за книжевност и културолошки студии - славистика.

Андреј Јованчевски одлично ги познава рускиот јазик што го докажува со учеството на повеќе јазични школи во Русија, но и со тоа што активно се служи со него во исчитувањето стручна литература од областа на книжевноста и умее да го преточи тоа знаење во квалитетни и инспиративни дискусии на специјализирани теми од руската книжевност, меѓу кои и разговорот со Нобеловката Светлана Алексиевиќ на книжевниот фестивал Букстар, одржан неодамна во Скопје.

Неговиот интерес за книжевноста е преточен и во неговата плодна преведувачка дејност. Тој, иако млад преведувач, досега има објавено преводи на осум книги, меѓу кои: Светлана Алексиевич, Јуриј Тињанов, Виктор Пелевин, Иван Тургењев и Џозеф Конрад. Преку неговите успешни книжевни преводи, тој веќе се докажува како врвен преведувач, кој темелно се вдлабочува и ја разбира материјата на преводот, што, секако, е показател на тоа дека умее да ги пренесе своите книжевни сознанија на читателите, а со тоа и со студентите.

Искуството како демонстратор по Руска и Полска книжевност изминатите четири семестри покажа дека тој умешно се справува со материјалот и извонредно ја пренесува предметната содржина на студентите, изнаоѓајќи интересни дидактички методи кои го будат интересот за книжевноста кај помладите колеги. Соработката со предметните

професори исто така беше на завидно ниво и мотивирачки потстрек за збогатување на програмските содржини.

Неговото богато работно искуство како уредник во издавачка куќа, како управител и програмски координатор во културен центар, како кореспондент за Источна Европа, книжевен преведувач и толкувач на конференциски настани се покажуваат како успешна алатка во снаоѓањето на кандидатот во академската средина и во наставата и значително помагаат во нејзиното усовршување и надоградување.

Кандидатот учествувал на седум научни конференции со самостојни и заеднички излагања од областа на полската и руската книжевност, и веќе има неколку објавени трудови од овие конференции, а некои се во печат. Негов истакнат влог во научната област е и учеството на Меѓународната конференција по повод чествувањето на 100 години Блаже Конески, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", кон крајот на 2021 г. Искуството како демонстратор по предметите од книжевност несомнено ќе му помогнат уште повеќе да се вложи во научната работа и да придонесе во научните истражувања на руската книжевност на македонско тло.

Во сите овие сфери кандидатот веќе се покажа како исполнителен, компетентен и успешен соработник.

Земајќи ги предвид сите погоре наведени аспекти, комисијата констатира дека кандидатот ги исполнува општите и посебните услови за избор во демонстратор. Врз основа на стручните и професионалните квалификации, просечната оценка, како и досегашното искуство комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го избере Андреј Јованчевски за демонтратор по предметите Руска книжевност 2 и Руска книжевност 4 на студиската програма руски јазик и книжевност.

проф. д-р Лидија Танушевска

проф. д-р Биљана Мирчевска-Бошева

проф. д-р Јасминка Делова-Силјанова